ВЕЛО УЧИЛИШТА

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 98-2/8, 1000 Скопје

Тел: 389 02 511 2716 / 389 78 287 831

veloschools.ecologic@gmail.com

www.veloschools.mk

# ПОВИК ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ ЗА „ВЕЛО УЧИЛИШТЕ НА МЕСЕЦОТ“

Драги наши вело членки,

Традиционално, Европската недела на мобилност се одбележува секоја година во периодот од 16 до 22 септември и претставува водечка иницијатива на Европската комисија за промоција на одржлива урбана мобилност. Темата за 2025 година – **„Мобилност за сите“** – го истакнува значењето на обезбедување правичен и инклузивен пристап до транспорт, со цел секое лице, независно од социо-економскиот статус, возраста, полот или физичките способности, да има можност да се движи безбедно, достапно и еколошки одговорно. Во овој контекст, иницијативата ги поттикнува локалните самоуправи и заедници да развиваат одржливи транспортни решенија, како што се јавниот превоз, пешачењето и велосипедизмот,

Токму затоа, ние како заедница на Вело училишта ја покренуваме иницијативата за избор на **„Вело училиште на месецот“**. Целта ни е да ги охрабриме сите училишта да се приклучат кон големата европска акција – **Европската недела на мобилност**, и со тоа да придонесат кон развој на одржлива и инклузивна мобилност. Учествувајќи со свои активности во рамки на кампањата, училиштата ќе имаат можност не само да дадат пример за позитивна промена во заедницата, туку и да се истакнат како лидери во промоцијата на велосипедизмот и активното движење.

**Право на учество**

„Вело членки“, вклучени во образованата програма на Вело Училишта.

**Што се очекува од вас?**

Во периодот од 16 до 22 септември 2025 година, вашето училиште е потребно да:

- организира и реализира активности со учениците насочени кон промоција на велосипедизмот како одржлив начин на мобилност;

Линк со насоки

- спроведе настани во рамките на училиштето или пошироката заедница, кои ќе ја одразуваат овогодинешната тема „Мобилност за сите“;

Линк

- осмисли и имплементира нова едукативна или практична активност, која ќе внесе дополнителна вредност, ќе ја истакне креативноста на училиштето и ќе придонесе за поголема вклученост на учениците и заедницата.

Линк до темплејт Преземете го *(симнете го локално на вашите уреди, не пополнувајте директно).*

- објава на социјални медиуми на училиштето и таг на Вело Училишта фб профил *(само за активности во рамки на овој повик).*

**Критериуми за избор и бодување**

Активностите што ќе ги реализираат училиштата ќе бидат оценувани од страна на стручно жири, според следните критериуми:

- Број, квалитет и оригиналност на активностите – до 25 бодови
- Вклученост и број на учесници (ученици, наставници, родители, локална заедница) – до 20 бодови
- Видливост и промоција на активностите (медиумско покривање, социјални мрежи, јавни настапи) – до 15 бодови
- Креативност и иновативност на реализираните настани и акции – до 20 бодови
- Иновативен пристап во подготовка и реализација на едукативната активност – до 20 бодови

Вкупно: 100 бодови

**Награди за месецот**

На училиштата кои ќе освојат најмногу поени во рамки на Европската недела на мобилност им се доделуваат:

- Прво, второ и трето место – сертификат за постигнување, издаден на ниво на училиште и наставници како официјално признание за нивниот ангажман;
- Награди со велосипедска содржина
- Промоција на активностите преку официјалните канали на програмата на Вело Училишта: веб-страница, Facebook и Instagram.

**Важно**

Училиштата кои ќе учествуваат во месечниот избор ќе бидат вклучени во процесот за конечен избор на **„Вело училиште на годината“**, врз основа на нивниот континуиран ангажман и активности во текот на учебната година.

ВЕЛО УЧИЛИШТА

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 98-2/8, 1000 Скопје

Тел: 389 02 511 2716 / 389 78 287 831

veloschools.ecologic@gmail.com

www.veloschools.mk

**Форма за испраќање на материјали**

- Преземете го *(симнете го локално на вашите уреди, не пополнувајте директно)* официјалниот темплејт за извештај на следниот Линк
- Пополнете го извештајот на ниво на целото училиште, со задолжително приложени фотографии, видеа или друг релевантен материјал што ќе ги документира активностите. Со испраќање на фотографии од официјални претставници на училиштето, се сложувате со нивно објавување на социјални медиуми.
- Испратете го комплетниот извештај на е-пошта: veloschools.ecologic@gmail.com

Вело Училишта го задржува правото, во рамки на процесот на евалуација, да побара дополнителни информации, материјали или образложенија од пријавените училишта со цел обезбедување транспарентна и објективна проценка.

**Рок за доставување**

Материјалите (извештај и прилози) треба да се достават **најдоцна до 30 септември 2025 година.**

**Повеќе информации за Европската недела на мобилност:**

https://mobilityweek.eu/home/

Ве повикуваме активно да се приклучите кон Европската недела на мобилност и да го покажете креативниот потенцијал на вашето училиште! Организирајте активности со учениците, вклучете ја заедницата и осмислете нови, иновативни едукативни иницијативи кои ќе промовираат велосипедизам и одржлива мобилност за сите.

Со вашето учество, не само што ќе придонесете кон подигнување на свеста за одржлива мобилност, туку и ќе имате можност да бидете дел од изборот за Вело училиште на месецот, да добиете сертификат и награди за вашиот ангажман.

Се радуваме  однапред на вашите идеи и активности и ве охрабруваме да се вклучите.

*Годишната програма на Вело Училишта се реализира со поддршка на АМСМ.*

За сите прашања или поддршка, контактирајте на **veloschools.ecologic@gmail.com**